# Како да се намали смртноста од рак

Четврти февруари е Светски ден за борба против ракот. Еден од тројца Европејци може да биде дијагностициран со рак во текот на еден човечки живот а еден од четири смртни случаи е резултат на заболување од рак.

Епидемиолошки испитувања на статусот и смртноста од ракот покажуваат дека Европа може да биде преполовена од смртни случаи од рак, известуваат од Светската здравствена организација.

По повод светскиот ден за борба против ракот, четврти февруари, Здружението за борба против рак „Борка“ повикува на подигнување на свеста кај граѓаните и релевантните институции за преземање активности кои ќе влијаат врз намалување на една од најголемите причини за смртност во Европа.

Европската унија, во рамките на словенечкото претседателство, активно ја поставува оваа тема како приоритет на сите земји членки на ЕУ, како и земјите кандидати за членство. Ова го потврдува фактот што европската парламентарна комисија за здравство и животна средина усвои Резолуција за борба против рак и бара истата да биде ратификувана во сите земји членки на Унијата.

Европските иницијативи за борба против ракот, генерално се темелат на четири столбови:

1) Охрабрување и поддршка на сите иницијативи чија цел е превенција од рак;

2) Скенирање на популациите со цел утврдување на главните причини за вакви заболувања,

3) Поддршка на истражувањето и иновациите на полето на примарна превенција, тестирањето и раното дијагностицирање, како и новите анти-канцер терапии;

4) Промоција на здрав животен стил што подразбира чиста и непушачка околина за децата, редовна физичка активност, балансирана исхрана, здрави диети, заштита при преголема изложеност на сонце.

Според Алојзе Петерле, првиот словенечки премиер и еден од европарламентарците чија главна цел е борба против ракот, „ваквите заболувања можат да се нападнат со нови лекови и со новиот начин на живот за што ни е потребен широк фронт на соработка. “ Петерле се залага за што поголема политичка свест и политичка активност на подрачјето за борба против ракот и е многу задоволен што словенечкото претседателство борбата против ракот ја има како еден од своите приоритети. Неговата моментална иницијатива е во насока на оформување на меѓуинституциска работна група за борба против ракот од претставници на Европскиот парламент, на Европската комисија и на Европскиот совет.

"Борка" ги повикува сите граѓани на Република Македонија, како и сите релевантни институции активно да ги следат европските препораки, да покажат политичка и општествена одговорност и да бидат дел од акциите за превенција и рана дијагноза во борбата против ракот.

**Биба Додева, НВО „Борка“**

---

СВЕТСКИ ДЕН НА БОРБА ПРОТИВ РАК

# Европа може да ја преполови ракот

На светскиот ден за борба против ракот – денеска Здружението за борба против рак „Борка“ повикува на подигнување на свеста кај граѓаните и релевантните институции за преземање активности кои ќе влијаат врз намалување на една од најголемите причини за смртност во Европа – ракот. Оттаму апелираат за вклучување во сите акции за превенција и рана дијагноза во борбата против ракот, бидејќи кај еден од тројца Европејци може да биде дијагностициран рак, а еден од четири смртни случаи е резултат на заболување од оваа тешка болест.

Според податоците што ги пренесува „Борка“, повикувајќи се на податоци од Светската здравствена организација, Европа може да биде преполовена од бројот на смртни случаи од рак. ■ (М.Г.)

---

DITA BOTËRORE PËR LUFTË KUNDËR KANCERIT

# Vetëdije e lartë kundër kancerit

Një prej tre evropianëve mund të diagnostifikohet me kancer gjatë një jete njerëzore, ndërsa njëri prej katër rasteve të vdekjes është rezultat i sëmundjes nga kanceri. Këto të dhëna i lajmëroi Shoqata për luftë kundër kancerit "Borka" nga Shkupi me rastin e 4 shkurtit, Ditës botërore për luftë kundër kancerit. Shoqata apelon që të ngrihet vetëdija të qytetarët dhe institucionet relevante për marrjen përsipër të aktiviteteve që do të ndikojnë mbi zvogëlimin e dukurisë së kancerit, njëra prej arsyeve më të mëdha për vdekshmëri në Evropë. Evropa mund të përgjysmohet nga numri i rasteve të kancerit, informojnë nga Organizata Botërore Shëndetësore. Qytetarëve të Maqedonisë, si dhe institucioneve relevante, u është bërë thirrje t'i ndjekin rekomandimet evropiane, të tregojnë përgjegjësi politike dhe shoqërore dhe të jenë pjesë e aksioneve për parandalim dhe diagnostifikim të hershëm në luftën kundër kancerit.